РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3651/2 (2020)

10-02-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81-та седница одржана на ден 03.02.2023 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата заведена со број 12-3651/1 од 21.10.2020 година, со наводи против лицето ----------------- во врска со узурпирање на државно земјиште, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, а во врска со пријавените дејствија веќе постапил друг надлежен орган - Државното Правобранителство на РСМ.

Предметот со број 12-3651/1 од 21.10.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 21.10.2020 година, поднесена е пријава со наводи за узурпирање на државно земјиште од лицето ------------ и злоупотреба на службената должност и овластувања од страна на раководителот на Одделението за имотно правни работи во Општина ------------- и Државното правобранителство на РСМ за подрачје ------------- и оформен е предмет број 12-3651/1 од 21.10.2020 година.

Подносителот наведува дека лицето ----------- од с.-------, ---------- поставил дрвени колци со зелена мрежа и узурпирал дел на државно земјиште. На узурпираниот имот поставил и табла за продавање на истиот. Во пријавата исто така е наведено и дека согласно ДУП на Општина ----------, на узурпираната парцела било предвидено изградба на патна инфраструктура, а и дека лицето ------------ веќе се здобил и со Решение за приватизација на градежно земјиште од Управата за имотно правни работи-Министерство за финансии-Одделение во ----------. Подносителот се обратил и до Државното Правобранителство на РСМ во подрачје --------------, за што бил писмено известен дека веќе било постапено во врска со наводите односно дека Решението за приватизација на градежното земјиште е поништено.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК констатира дека станува збор за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган а кој веќе постапил, по што оцени дека нема елементи за натамошно надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на констатираното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
-Подносител на пријавата
Изработил:м-р К.З
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**